# Дневен извештај за финансиските пазари

- Раст на цената на нафтата за 3%
- Раст на вредноста на фунтата во однос на другите Г7 валути
- Повторно пад на пазарните каматни стапки на еврото на кратките рочности

**Интервалутни курсеви во 09:30 ч.**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **EURUSD** | 1.3572 | **XAU** | 1273.56 |
| **EURCHF** | 1.2171 | **XAG** | 19.57 |
| **EURAUD** | 1.4412 | **Brent** | 110.78 |
| **EURGBP** | 0.7995 | **Copper** | 6725 |
| **EURJPY** | 138.35 | **Nickel** | 18030 |
| **USDJPY** | 101.94 | **Zink** | 2109 |




Немирите во Ирак ескалираа повторно откако владата во Багдад одлучи да започне и со воздушни напади околу градот Мосул. Цената на нафтата порасна 3% и се наоѓа на највисоко ниво последниве 8 месеци, што се должи на тоа што немирите се во северниот дел на Ирак, каде што е лоцирано големото нафтено поле Киркук.

Британската фунта порасна 0,7% во однос на еврото и американскиот долар откако вчера гувернерот на Bank of England неочекувано изјави дека британската економија треба да се спрема за зголемување на каматните стапки кое веројатно ќе се случи порано од очекувањата на финансиските пазари.

Рејтинг агенциите Fitch и Moody’s за денес најавија ревизија на рејтинзите на Франција и Италија.

Прометот на домашниот девизен пазар вчера изнесуваше ЕУР 24,7 мил., а на меѓубанкарскиот пазар се тргуваше со износ од ЕУР 1,5 млн. на цена 61,70. Повторно немаше тргување меѓу маркет-мејкерите.

**Референтни каматни стапки**

| Валута 16/6 | o/n | 1 week | 1 m | 3m | 6m | 12m |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Libor USD | 0,09190 | 0,12025 | 0,15175 | 0,23060 | 0,32400 | 0,54010 |
| Libor CHF | -0,0120 | -0,0100 | -0,0050 | 0,01400 | 0,06900 | 0,18440 |
| Euribor | 0,043 | 0,099 | 0,156 | 0,242 | 0,333 | 0,511 |
| Skibor | 1,80 | 2,20 | 2,70 | 3,15 | 3,60 | 4,54 |

Спорт- Домаќинот на 20-то СП во фудбал, селекцијата на Бразил со победа од 3-1 над Хрватска го започна првиот натпревар во групата А од ова голобално натпреварување во фудбал. Денес продолжуваат возбудувањата со 3-натпревари: Мексико-Камерун од групата А, Шпанија- Холандија и Чиле- Австралија од групата Б. Особено интересен е натпреварот во Салвадор помеѓу двата финалисти од претходното СП пред 4 години во Ј. Африка, селекциите на Холандија и актуелниот светски првак, Шпанија. Утре играат Англија- Италија. Уживајте!

### Берзи

| Индекси | 13/6/14 | 12/6/14 | 1/1/14 |
|---|---|---|---|
| DAX | 9938,7 | -0,11 | 4,55 |
| Dow Jones | 16734,19 | -0,65 | 0,95 |
| FTSE | 6743,11 | -1,40 | 0,21 |
| Nikkei 225 | 15046,43 | 0,63 | -7,64 |
| Hang Seng | 23310,19 | 0,59 | -0,13 |
| MBI- 10 | 1731,62 | 0,89 | 1,31 |

### 10- годишни државни обврзници

| | 10 години | |
|---|---|---|
| **земја** | **цена** | **принос** |
| **US** | 99,125 | 2,599667 |
| **В. Британија** | 95,87 | 2,7599 |
| **Канада** | 101,627 | 2,316 |
| **Германија** | 101,095 | 1,381 |
| **Франција** | 100,225 | 0,157 |
| **Италија** | 114,49 | 2,804 |
| **Шпанија** | 109,55 | 2,685 |
| **Грција** | 82,24 | 5,741 |
| **Македонија** | 100 | 5,00 |

Под влијание на последниот сет на мерки за монетарно олабавување на ЕЦБ пазарните каматни стапки на еврото сеуште паѓаат. Каматната стапка Еониа за орочување на евро- депозити преку ноќ падна до ниво од 0,043%, а од наредна недела се очекува зголемување на ликвидноста во финансискиот систем за уште ЕУР 130 блн., очекувањата се дека Еониа ќе биде во негативна територија. Анализите на поголемите банки покажуваат дека 3- месечниот и 6- месечниот Еурибор би требало да падне до ниво од 0,10% односно 0,20% во наредните месеци.

За разлика од еврото, пазарните каматни стапки за доларот и фунтата се очекува да растат, што ќе влијае позитивно врз вредноста на овие валути. Според движењата на каматите за депозитите во фунта, предвидувањата беа дека Bank of England би започнала со зголемување на каматните стапки во првиот квартал од наредната година, но по вчерашната изјава на Марк Карни очекувањата се поместени за втората половина на оваа година.

### Индикативни цени на државни записи на секундарен пазар

| Датум на аукција | Ознака на аукција | Датум на доспевање | Денови до доспевање | Каматна стапка | Девизна клаузула | Куповен принос на СБ | Продажен принос на СБ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 29-Oct-13 | ДЗ2013/16а-350 | 15-Oct-14 | 143 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 25-Feb-14 | ДЗ2014/02-364 | 25-Feb-15 | 275 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 29-Apr-14 | ДЗ2014/05-182 | 29-Oct-14 | 149 | 3,15% | - | 3,15% | 3,00% |
| 29-Apr-14 | ДЗ2014/06-182dk | 29-Oct-14 | 149 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 29-Apr-14 | ДЗ2014/06а-350 | 15-Apr-15 | 317 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 6-May-14 | ДЗ2014/08-182dk | 5-Nov-14 | 156 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 6-May-14 | ДЗ2014/07-182 | 5-Nov-14 | 156 | 3,15% | - | 3,15% | 3,00% |
| 6-May-14 | ДЗ2014/07-364 | 6-May-15 | 334 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 20-May-14 | ДЗ2014/09-182 | 19- Nov-14 | 170 | 3,15% | - | 3,15% | 3,00% |
| 20-May-14 | ДЗ2014/10-182dk | 19- Nov-14 | 170 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 20-May-14 | ДЗ2014/08-364 | 21- May-15 | 352 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |

**Поважни економски индикатори за Г7 земјите**

| | | |
|---|---|---|
| 11:00 | EU | Trade balance |
| 15:55 | US | University of Michigan confidence |

За подетални информации обратете се во Дирекцијата за тргување и девизен пазар на следниве контакт лица:

Билјана Јованоска тел. 3295- 109; e- mail: biljana.jovanoska@stb.com.mk
Сашо Радевски тел: 3295- 108; e- mail: saso.radevski@stb.com.mk

Правни напомени:

Оваа публикација ја издава Стопанска Банка АД Скопје и е наменета за нејзините клиенти. Информативниот карактер на оваа публикација значи дека таа не може да служи како замена за сопствените проценки на било кој читател на оваа публикација. Информациите, мислењата, заклучоците, прогнозите и проекциите кои се изнесени во оваа публикација се засноваат на јавно достапни извори на податоци (Блумберг и Ројтерс) кои Банката ги користи, но за кои не гарантира.
Според тоа, Банката не сноси никаква одговорност за бизнис одлуките на клиентите кои се базираат на оваа публикација.